МА СИПУ (Пекинг)

# КИНЕСКИОТ ПЕЧАТ ЗА ВТОРОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АВНОЈ

1943 година беше година на победа на антифашистичката коалиција во светот, а истовремено и година која значеше пресврт во развојот на Војната и Револуцијата во Југославија. Кинескиот народ со бескрајна радост ги поздрави не само блескавите подвизи на НОВ на Југославија и партизанските одреди во „битката на Неретва" и „Битката на Сутјеска" туку и свикувањето на Второто заседание на АВНОЈ и неговите историски одлуки.

Во текот на Втората светска војна југословенските комунисти под раководство на Тито, тесно ја соединија НОВ со социјалистичката револуција и на ослободените територии ја изградуваа народната власт како нова институција. Така, наместо срушениот стар буржоаски систем се појави ново општествено уредување на чело со работничката класа и трудбениците. На 29 ноември 1943 година на Второто заседание на АВНОЈ создаден е Националниот комитет на ослободувањето на Југославија, кој ги имаше сите белези на привремена влада и на чие чело се наоѓаше Јосип Броз Тито. Поаѓајќи од своите искуства кинеските комунисти сметаа дека во Југославија веќе се појавила институцијата привремена влада и Нова конституција.

Силниот одглас на овој историски настан во кинескиот партиски печат, најдобро се проследува преку двата главни дневни весници на ЦК на Кина „Синхуа Жибао" (Нова Кина) и „Цефан Жибао" (Ослободување). На страниците на овие весници се објавуваат бројни новости, дури и коментари и уводни статии за антифашистичката борба на југословенските народи и за АВНОЈ. Како основни извори од кои се служеа весниците, беа вестите од советските, англиските и американските телеграфски агенции што пристигнувале преку радиостаницата „Слободна Југославија".

Според еден извештај од Лондон на 4 декември „Синхуа Жибао" најнапред објави вест под наслов „АВНОЈ", информи-

рајќи за дневниот ред на заседанието. Весникот пишуваше: „На 28 ноември во ослободената територија на Југославија започна да се држи планираното заседание на АВНОЈ. Дневниот ред е: 1. Да се прегрупира АВНОЈ во законодавен орган, 2. Да се создаде Национален комитет како привремен извршен орган на АВНОЈ. Пред заседанието антифашистичките собранија во провинциите Словенија,Хрватска, Босна, Херцеговина, Црна Гора и Санџак свикуваа заседанија и на кои што беа избрани претставници на пленарното заседание. До 27 околу 200 претставници пристигнаа на заседанието".

На 5 декемвди „Џефан Жибао" соопшти дека Народноослободителната армија на Југославија е решена да создаде привремена влада, а тоа покажува дека „НОД нема доверба во југословенската влада, во Каиро, и ќе ја води конечната борба против Дража Михајловиќ сакајќи да ги разреши внатрешните проблеми на Југославија внатре во земјата".

Истовремено овој весник ги објави двата извештаја на Генералниот штаб на НАОЈ за воените успеси на Ослободителната армија.

Така, на 14 декември „Синхуа Жибао" и „Џефан Жибао" истовремено објавија 5 вести за одлуките и конституцијта од 9 члена. Во врска со тоа весникот „Синхуа Жибао" уште помести „редакциска белешка" и краток коментар. Во „редакциската белешка" се вели дека „околу 200 делегати од народите и народностите учествуваа на заседанието. Тие се претставници на најрешителните народни сили во антифашистичката војна на Југославија. Вооружените сили на тие сили се НОА на Југославија раководена од маршалот Тито". Во коментарот меѓу другото пишуваше: „Од содржината на оваа конституција од 9 члена дознавме две важни работи: 1. Таа се заснова на рамноправноста на сите народи и народности во земјата, 2. Најголемата цел на борбата е борбата на народот против фашизмот. Да се востанови Националниот комитет на ослободувањето на Југославија како врховен законодавен и административен орган. Оваа нова конституција е демократска". Отфрлајќи ги нападите на емигрантската влада во Каиро кон Одлуките на заседанието, коментаторот подвлече: „На територијата на поробена Југославија вистинската сила, која ја води антифашистичката војна, е НОВ а не министерот на војната на емигрантската влада на Дража Михајловиќ, бидејќи тој е во јавен заговор со непријателот и измамник на татковината". Коментарот доаѓа до заклучок: „Сè зависи од народот, сè зависи од силата на народот".[1]

---

1) Синхуа Жибао, коментар под наслов: Сè зависи од народот. 14 декември 1943 година.

На 15 декември „Цефан Жибао" оддели место на првата страница за следните новости: „Маршал Тито стана претседател на Националниот комитет", „Советскиот Сојуз, Англија и Америка се симпатизираат со НКОЈ", „Советската влада е решена да ја испрати својата мисија во новата влада на Југославија". Истиот ден овој весник со восхитување пишува за силата на Народноослободителната армија на Југославија: „Овие денови, силата на НОВ на Југославија станува сè појака. Југословенските народи под раководството на маршал Тито решија на 4 овој месец да создадат привремена влада и на 12 ја објавија на светот демократската конституција на оваа влада. Од сега натаму југословенските народи ја имаат не само својата армија туку и својата власт. Тие служат за славен пример на европските поробени земји во партизанското војување против Германија".[2]

На 18 декември „Синхуа Жибао" помести 4 вести за одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, а на првата страница „Цефан Жибао" објави идно соопштиние под наслов: Националниот комитет ја жигосува реакционерната пропаганда на емигрантската влада. НКОЈ одлучува да го одзема правото на емигрантската влада на Југославија, тоа е логичен крај на нејзината политика во заговор со непријателот и во репресии со народот".

На 18 декември „Синхуа Жибао" високо го оцени значењето на основањето на НКОЈ, истакнувајќи „Неодамна на Второто заседание на АВНОЈ беше оформен Национален комитет (привремена влада), ова е нова етапа на патот во развитокот на антифашистичкото националноослободително движење во цела Југоисточна Европа. Неговото далекусежно значење денес е предвидливо".[3]

По повод основањето на НКОЈ „Синхуа Жибао" ја публикува на 19 декември долгата уводна статија под наслов „Поздрав на југословенската привремена влада", во која што вели дека „д-р Рибар е избран за претседател на Претседателството на АВНОЈ, маршал Тито е избран за претседател на Националниот комитет. . . Тоа е имено голем демократски тек, никој не може да го измени". Uводникот исто така остро ги осудуваше постапките на емигрантската југословенска влада и нејзиниот министер на војната Дража Михајловиќ, подвлекувајќи дека уште од самиот почеток на антифашистичката борба југословенските народи беа принудени да водат борба на два фронта: против окупаторот и против домашните предавници, соработници

---

2) Цефан Жибао, „Полумесечен меѓународен преглед", 18 декември 1943 година.

3) Синхуа Жибао, „Меѓународен преглед", 18 декември 1943 година.

на окупаторот. Михајловиќ и нему подобни се „орудие и помагачи" на германско-италијанските фашисти, тие го „мразат народот" и „само со терор и со репресалии се занимаваат". На крајот на уводната статија весникот од името на кинескиот народ испраќа срдечен поздрав на раѓањето на привремената влада: „Ние постојано изразуваме симпатии кон југословенските браќа кои се борат против окупаторот и домашните предавници. Со големо задоволство го пречекуваме основањето на привремената влада во Југославија и го поздравуваме овој нов член на „демократската заедница". Ние од далечина им пожелуваме истрајна борба, победа и успеси"![4] Ова искрено чувство и висока оценка од кинескиот народ за Второто заседание на АВНОЈ се наоѓа на страниците на дневниот печат.

Потоа кинескиот партиски печат даваше сè повеќе новости од борбата на југословенските народи и од нивната борба за меѓународно признание. На 22 декември двата весника истовремено соопштија дека Тито испрати делегација да води преговори со Англија и Америка, дека Тито ја испрати својата воена мисија во Велика Британија.

На 25 декември „Синхуа Жибао" помести обопштено соопштение под наслов „По 21 ден крвави битки НОВ на Југославија ја одби лутата офанзива на германските завојувачи близу до Сараево — Мостар". Весникот посочи дека под раководството на Тито НОВ сега ја држи во раце „ницијативата" и „се наоѓа во противнапад", бидејќи „веста за свикување на АВНОЈ и создавањето на НКОЈ брзо се разнесува низ цела Југославија и ги инспирира народите на целата земја на уште порешителна борба. Доказ за тоа се и подемот на партизанското војување во заднината на окупаторот, на марионетската војска на Павелиќ и Недиќ, како и активирањето на саботажи и диверзии во окупираната територија.

Кога кон крајот на 1943 година, т.е. по свикувањето на Второто заседание на АВНОЈ, сојузниците, а посебно англискиот премиер Черчил, ја поставија политиката спрема Југославија на нови релиции и решенија да ја прекинат својата помош за Михајловиќ и да ја признаат Нова Југославија, кинескиот народ на тоа се радуваше од душа и од срце. Двата дневника на КП на Кина едногласно истакнаа: „Привремената влада на Југославија на чело со маршал Тито веќе го доби признанието од СССР, Англија и Америка, а антикомунистичкиот и антинароден предавник Михајловиќ исфрлен е воопшто од луѓето на светот".[5] Ју-

---

4) Синхуа Жибао, уводник под наслов: Поздрав на југословенската привремена влада, 19 декември 1943 година.

5) Цефан Жибао, 31 декември 1943 година: Осврт на меѓународната ситуација во 1943 година .

гословенските народи го добија меѓународното признание, но не така лесно. „Тие ја водеа крвавата борба за живот или смрт, решителни и доследно ја водеа антифашистичката борба во непрекинатите напади и обрачи на непријателот. На тој начин тие го пробија патот на животот и ја извојуваа светлата перспектива".[6] Овие два весника уште подвлекуваат дека југословенските народи извојуваа низа победи потпирајќи се врз сопствени сили „во тешки услови на прекин на каква и да била надворешна помош. Очигледно, доколку добија помош од надвор нивните успеси сигурно би биле поголеми".[7] Ваквото разбирање на кинеските комунисти за југословенската революција добро е докажано од следните подоцна изнесени аргументи од претседателот Тито: „Нашето ослободување е наше дело".[8] „Значи суштината е во тоа што ние самите ја ослободивме својата земја".

Веднаш по Второто заседание на АВНОЈ кинескиот печат очигледно даваше сè повеќе вести за Југославија. Така, на пример, во 1944 година само „Цефан Жибао" објави 210 новини за Југославија, а 1943 — 136, 1945 — 126. Наместо антифашистичката борба на југословенските народи и воените придобивки на НОА сега двата кинески весника информираа и за настаните во завршната фаза на војната, за федеративната државна заедница, изградена врз принцип на национална рамноправност и братство, како и за земските антифашистички собранија и дејноста на Народноослободителниот фронт, Антифашистичкиот фронт на жените и Обединетиот сојуз на антифашистичката младина на Југославија.

Уште во почетокот на 1944 година „Синхуа Жибао" и „Цефан Жибао" освен што препечатија серија репортажи од англиски и американски прогресивни новинари за извештаите на ослободената територија и посета кај Тито. Врз основа на извештаите на Врховниот штаб на НОВ на Југославија и на други материјали тие составија две карти: „Ослободената територија на Југославија" и „Ситуацијата во Југославија", исто така и два пати објавија биографски податоци и фотографии на Тито. Наскоро, „Синхуа Жибао" уште го препечати скратениот текст

---

6) Синхуа Жибао, коментар под наслов: Победата на НАОЈ. 23 февруари 1944 година.

7) Синхуа Жибао, уводник под наслов: Еден блескав образец — односно вооружената борба на југословенските народи, 23 октомври 1943 година, на втора страница.

8) Говорот на претседателот Ј. Б. Тито на високите воени школи во Белград — „Нова Македонија", 22 декември, 1976 год.

9) Сеќавања и пораки на претседателот Тито по повод 30-годишнината од победата над фашизмот — „Нова Македонија", 9 мај 1975 година.

од статијата на маршалот Тито објавена во број 1, март 1944 година во „Нова Југославија“ под наслов: „Значењето на Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ за натамошниот развој на нашата борба и создавањето на федеративна државна заедница.

Притоа во ова време некои прогресивни кинески списанија исто така покажаа голем интерес за Југославија и за маршалот Тито. Така на пример, седмичниот „Вен Хуј“ од декември 1943 година до јуни 1944 година помести пет сопствени и преводни статии. Тие се: 1. Титовите партизани во Југославија, 2. Знамето на Југославија и привремената влада на народот постигнаа зна-4. Маршал Тито и 5. Тито и Југославија.

Во врска со тоа што под влијанието на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ многумина дипломати на емигрантската влада во странство кои ја проучија вистината за Југославија, ја откриваа пакосната улога на својата влада и се присоединија кон акцијата против фашизмот, „Синхуа Жибао“ во својот коментар пишуваше дека „Тоа е уште една политичка победа на југословенските народи, привремената влада и на маршалот Тито“.[10]

Напоредно со тоа што НОА на Југославија, инспирирана од историските одлуки на Второто заседание на АВНОЈ, постигнува една по друга победа и контролира голем дел од територијата на татковината,на 2 април 1944 година во својот уводник, „Синхуа Жибао“ пишува: „На сите им е многу јасно дека НОА на Југославија и привремената влада на народот постигнаа значајни успеси. Тие сега располагаат со јаки вооружени сили во 30 дивизии. Привремената влада уште повеќе го зацврсти и прошири единствениот антифашистички национален фронт на југословенските народи. Сега три петтини од целата територија се вратени во рацете на народот и се греат на слободното сонце“. Истиот весник продолжува дека, поради тоа што југословенските комунисти во својата борба против фашизмот ја водат правилната политика на единствениот национален фронт, затоа Тито како „водач на југословенската работничка класа, водач на КПЈ и водач на народите и народностите на Југославија ужива голема симпатија и почит како во Југославија така и во странство“.[11]

Ставот на кинеските комунисти кои ја водат антијапонската војна на исток кон историските одлуки на Второто заседание на АВНОЈ најдобро се одразува и во книгата „Нова Југославија“, излезена од печат во јуни 1945 година во Кина. Збору-

---

10) Синхуа Жибао, коментар под наслов: Уште една победа на маршалот Тито, 12 март 1944 година.

11) Синхуа Жибао, уводник под наслов: Преглед на редовите на балканските народи, 2 април 1944 година.

вајќи за историските одлуки на Второто заседание на АВНОЈ, авторот истакнува: „На ова заседание на АВНОЈ се постигнати забележителни успеси, создадена е привремената влада на Југославија и објавена е привремена конституција. Сето тоа има важно историско значење. Очигледно е дека основањето на привремената влада не е апстрактен поим, тоа е израз на сите југословенски народи“[12]

Ma SIPU (Peking)

## THE CHINESE PRESS CONCERNING THE SECOND SESSION OF AVNOY


### Summary

The convocation of the Second Session of AVNOY and its historical decisions left a strong impression both in Yugolavia and the world. This event created a deep impression even in distant China.

The Chinese party newspaper „Cynhua Jibao" was among the first in the world to transmit the news of AVNOY and information of the agenda of the session. This news was published on December 4, 1943. This fact was not known by those who studied the Yugoslav people's liberation struggle and revolution.

On December 15, the other party newspaper „Jefan Jibao" reported with admiration that „from now the Yugoslav peoples not only have an army but also the authority i.e. temporary government". They expressed the sincere simpathies of the Chinese people for their Yugoslav brothers who were fighting against the occupier and internal betrayers, wishing them greater success in their struggle.


---

12) Шен Сјаоченг: Нова Југославија, стр. 180, издателство „Душу“, Чончунг, 1945 година.